***З А П И С Н И К***

***од 51-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 20.05.2021 година***

Седницата се одржа во просториите на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар со почеток во 11.30 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Благоја Станојоски, Николче Димитријовски, Валентина Ѓорѓиовска, Татјана Кочовска, Мишко Поповски, Весна Ориѓанска, Христина Бојаџиева Андреска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски и Марија Кочовска. Од општинската администрација присутни беа Катерина Радовска, Марина Поповска, Моника Петревска, Јасмина Василеска Перчаковска и Томе Молошовски. На седницата присутен беше директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Ацко Трајковски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 50-та седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки со 11 „за“ беше усвоен

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување Квартален извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2021 до 31.03.2021 година.
2. Донесување на Одлука за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година.
3. Донесување на Одлука за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар.
4. Донесување на Одлука за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП бр.2178/1 и КП бр.2178/2 за КО Демир Хисар.
5. Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за донесување на Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2021 година.
6. Донесување на План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општина Демир Хисар за 2021 година.
7. Донесување на Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/2021 година.
8. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2020 година.
9. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2020 година.
10. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2020 година
11. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2020 година.
12. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2020 година.

13. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2020 година на подрачјето на Општина Демир Хисар.
14. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година.
15. Донесување на Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Сопотница.
16. Донесување на Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Бараково.
17. Донесување на Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Единаковци.
18. Донесување на Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Стругово.
19. Донесување на Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Вардино.
20. Донесување на Одлука за утврдување на цена за комунална услуга подигање на смет за населено место Смилево.
21. Донесување на Одлука за утврдување на цена за комунална услуга подигање на смет за населено место Железнец.
22. Усвојување на тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
23. Разгледување на барање за финансиски средства за печатење на монографија поднесено од проф.д-р Менде Солунчевски
24. Предлози и прашања

Претседателот на Совет Благоја Станојоски ја отвори седницата и предложениот Дневен ред го стави на расправа. Забелешки и предлози по Дневниот ред немаше. За усвојување на Дневниот ред гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 1. Квартален извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2021 до 31.03.2021 година***

Кварталниот извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2021 до 31.03.2021 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Татјана Кочовска. Советникот Мишко Поповски побара објаснување зошто се платени средства за превоз на патници на здружение од Битола. Претставникот Марина Поповска објасни имаше барање од Здружение од Битола за патување во Корча на 7 март по повод денот на албанската просвета. Советничката Весна Ориѓанска праша кој патуваше, а советничката Христина Бојаџиева Андреска праша зошто општината да му плати. Претставникот Марина Поповска објасни патуваа 22 ментори од Битола бараа да му обезбеди општината превоз, општината не му обезбеди превоз, затоа му плати за превозот. Советникот Мишко Поповски стави забелешка зошто во вакви случаеви се плаќа на барателот треба фактурата за превоз да се плати, бидејќи инаку нема контрола за што ќе ги употребат средствата. Исто така упати забелешка зошто се помагаат здруженија кои не се од општина Демир Хисар, не се случило друга општина да помага здруженија од нашата општина. Постојано ставаме забелешки на ова и упорно се повторува. Потоа предложи да се воведат нови критериуми, не може на ваков начин да се трошат средствата, нема реализација во капитални инвестиции, ама затоа за вакви работи се трошат огромни средства. Со парите на граѓаните од општина Демир Хисар се финансираат здруженија од други општини. Советничката Валентина Ѓорѓиовска стави забелешка многу касно се доставува Кварталниот извештај на Совет. Претставникот Поповска објасни откако ќе се изготви кварталниот извештај се праќа во Скопје, а потоа треба време да се изготви образложението и на наредна седница кога ќе се закажи се доставува материјалот за на Совет. Советничката Весна Ориѓанска забележа кога се исплатиле овие средства 15.000 до месец

март кога немавме Буџет општината беше на времено финансирање. Како ова барање се ставило во приоритетно во време на времено финансирање, а барањето за лекување неможеше да се исплати зависело од донесувањето на Буџетот, па виновни беа советниците за неисплаќање на тоа барање. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Квартален извештај гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ против немаше. Кварталниот извештајот не беше донесен.

***ТОЧКА 2. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година***

Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година беше донесена од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Татјана Кочовска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 7 „за“ 4 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 3. Одлука за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар***

За Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. За забелешките од предходната седница објасни со оваа измена се врши усогласување со закон и неможи да се изменува и дополнува. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 4. Одлука за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП бр.2178/1 и КП бр.2178/2 за КО Демир Хисар***

Одлуката за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП бр.2178/1 и КП бр.2178/2 за КО Демир Хисар беше усвоена од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни Претседателот на комисијата Драге Пупунчевски. Во врска со одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Советничката Христина Бојаџиева Андреска побара објаснување за која парцела станува збор и дали смее да се гради под улица „Битолска“. Претставникот Катерина Радовска објасни каде се наоѓа парцелата, а потоа додаде бидејќи под улица „Битолска“ нема Урбанистички план може да се гради со ваква постапка кога сам инвеститорот ја финансира урбанизацијата на парцелата. Сега е повлечена границата на планираната акумулација и може да се гради во овај дел. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде поради вакви случаеви предлагав да се планираат повеќе средства за изработка на урбанистички планови, бидејќи не е добро инвеститорот да се изложува на трошоци сам да плаќа изработка на урбанистички план кога тоа е обврска на општината. Општина Демир Хисар нема урбанистички план. Советничката Христина Бојаџиева Андреска додаде не е добро градот да нема урбанистички план. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за донесување на Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2021 година***

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за донесување на Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2021 година беше донесена од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни Претседателот на комисијата Драге Пупунчевски. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 6. План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општина Демир Хисар за 2021 година***

Планот за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општина Демир Хисар за 2021 година беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни Претседателот на комисијата Благоја Станојоски. За Планот објаснување имаше претставникот Томе Милошовски. Советничката Марија Кочовска предложи да се интервенира за патот за

Граиште вистина тој е регионален пат, може општината да го одржува во интерес на граѓаните. Претставникот Томе Милошовски објасни секогаш кога има можност се интервенира, надлежност е на „Македонија пат“, но тие не го одржуваат. Советникот Мишко Поповски забележа Планот е добро изготвен и убаво е да се реализира како што е планирано, но тротоарот во градот не е очистен, а се носи план за чистење по селата, потоа праша за цените за одржување. Исто предложи малку да се растерети општината, за дел од овие планирани активности во соработка со „Центарот за социјални грижи“ да се вклучат и социјалните работоспособни лица, да се направи акција еднаш до два пати во годината. Порано ваквите активности беа правени со акција од населението по селата. И да се донеси овај план пак нема да биди чисто. Предлогот за активно вклучување во акција на работоспособните лица корисници на социјална помош го подржа и советничката Христина Бојаџиева Андреска. Претставникот Милошовски објасни Цените ги донесе Советот и се водиме од тие цени, сега само се планира каде и каква интервенција треба да се прави. На забелешката дали се чисти добро или не претставникот Милошовски објасни вработени од општината вршат увид на лице место, и ако не е добро исчистено се бара повторна интервенција на изведувачот. Советникот Мишко Поповски праша дали има надзор и дали досега имало ваква интевенција некаде. Претставникот Томе Милошовски објасни врабитени лица од општината вршат надзор, за патот за Вирово има чистено, а Слоештица не е ставено во Планот, бидејќи се планита реконструкција на патот. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали усно се укажува ако не е добро сработено или писмено е евидентирано. Претставникот Милошовски објасни предходната година усно, но оваа година писмено ќе се укажува. Советникот Мишко Поповски предложи и претставници од месното население да бидат вклучени во надгледување на работата, исто ако законски е можно да се вклучат и социјалните случаеви во ваквите акции. Потоа предложи општината да реагира до „Македонија пат“ за одржување на патиштата. Претседателот на Советот Благоја Станојоски предложи не мора да се формираат комисии, но да се евидентира се да е документирано кој ја вршел контролата и како е сработено. Советникот Драге Пупунчевски праша за патот за Слепче е во многу лоша состојба. Претставникот Томе Милошовски објасни за овај пат се планирани 28 м2 крпење на дупки, а категоризацијата на патот е преземена од одлуката за категоризација затоа се евидентира Слепче со крак до манастир „Добромирово“ 6 км. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали се планира и низ селото или само до влезот на селото. Претставникот Милошовски објасни овај пат е категоризиран и низ селото до манастирот така е планиран во одлуката. За Суводол е категоризиран од Суводол до манастирот „Св.Богородица“. Исто и за Смилево поминува низ Обедник и тоа е општински пат. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша должината на патот за Кутретино стои 2 км дали е реално земена должината, дали толку и ќе се чисти да не е паушално, ако стои 2 км дали ќе се чисти 2 км или само така стои во Планот ако се чисти 2 км тоа е и низ селото. Потоа забележа не е планирано чистење на пропусти. Претставникот Томе Милошовски објасни должините на патиштата се нешто поголеми од реалните, во првата колона е препишано од одлуката за категоризација, но останатите колони се за она што се планира да се прави и тие се важни. За чистење на пропусти не е планирано од увидот на терен констатирано е дека нема потреба. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Планот гласаа 9 „за“ 2 „воздржани“.

***ТОЧКА 7. Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/2021 година***

Извештајот за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/2021 година беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни Претседателот на комисијата Блчагоја Станојоски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2020 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2020 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. За извештајот немаше присутен претставник од општината. Советничката Христина Бојаџиева Андреска забележа зошто се платени средства на карате клуб од Битола. Советничката Валентина Ѓорѓиовска реагираше зошто за некој важи за некој неважи подршка на талентирани ученици. Советникот Мишко Поповски истакна нека поднеси барање ако не се исплати ќе се реагира, score неможи да се стави забележка ако нема поднесено барање. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 9 „за“ 1 „против и 1 „воздржан“.

***ТОЧКА 9. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2020 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2020 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. За извештајот немаше присутен претставник од општината. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 9 „за“ 2 „воздржани“.

***ТОЧКА 10. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2020 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2020 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. За извештајот немаше присутен претставник од општината. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 11. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2020 година***

Извештајот за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2020 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. За извештајот немаше присутен претставник од општината.Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 12. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2020 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2020 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. За извештајот немаше присутен претставник од општината. Советникот Мишко Поповски предложи во извештајот да стои матичен број на граѓанинот или дата на раѓање, потоа вработен или невработен, за да имаме претстава дали барателот е работоспособен и дали е вработен или не дали има примања. Советничката Марија Кочовска исто така објасни и на комисијата имаше предлог да се определи граница на приходи да се знае до која граница може да се дава еднократна парична помош. Исто така и да се одвои листата на баратели кои се по кристериуми за лица со пречки во интелектуалниот или телесниот развој. Бидејќи кај оваа втората категорија не се важни примањата во семејството. Советникот Мишко Поповски предложи за наредна седница да се разгледаат критериумите, да се направи измени и во работата да учествува и опозицијата. Потоа упати забелешка за исплатени средства за погребални услуги, дали тоа спаѓа во категорија спонзорство. Под кои критериуми се плаќаат ваквио средства. Советничката Марија Кочовска објасни едната листа е од комисијата, а за другата листа градоначалникот одлучува за исплатата тоа не е од комисијата. Советничката Христина Бојаџиева Андреска забележа 500.000 има одобрено комисијата, 320.000 има одобрено градоначалникот без да се консултира со некого. Советничката Весна Ориѓанска забележа бројката е околу 100 барања. Советникот Мишко Поповски праша што ќе се случи ако има 400 барања. Сите се познаваме, некој семејства не заслужуваат еднократна помош, погребални трошоци зошто се плаќаат вакви средства треба да се определат и за тоа критериуми

ако се плаќаат. На здрави прави лица со трактори, кои редовно земаат социјална помош општината плус му доделува еднократна парична помош. Оваа комисија се злоупотребува за партиски цели години наназад и од двете страни. Затоа не дозволувате да има член од опозицијата во комисијата. Советничката Марија Кочовска како претседател на комисијата рече одговорно тврдам дека не се злоупотребува за партиски цели. Советникот Драге Пупунчевски додаде не се користи за партиски цели, но секако треба да се намали, неможи да се расфрламе со пари од граѓаните. Советничката Валентина Ѓорѓиовска констатира истите луѓе дури има по две барања едно преку комисија, друго преку градоначалникот. Не е оправдано согласно правилникот имаат право да користат вакви средства, нема потреба од дополнување, ова е веќе злоупотреба сите барања треба да одат на комисија кога има правилник и програма. Овде има семејства кои можат да не купат, а користат средства од програмата за социјална заштита. Прво самите луѓе вршат злоупотреба кога поднесуваат барања, научиле општината дава пари ќе поднесиме. Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни ако има потреба од повеќе средства барањата одат кај градоначалникот, тие што ги примаат барањата треба да водат сметка дали некој поднесува по два пати. Советникот Мишко Поповски додаде овде има барања од едно семејство дваца поднесуваат, а потоа предложи да се одвојат не можи средства потребни за лекување и еднократна да се на едно место. Советничката Весна Ориѓанска забележа најмногу барања има од Слепче. Дискусија повеќе немаше. Советниците за наредна седница предложија да ги разгледаат критериумите од правилникот. За усвојување на извештајот гласаа 7 „за“ 4 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 13. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2020 година на подрачјето на Општина Демир Хисар***

Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2020 година на подрачјето на Општина Демир Хисар беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни Претседателот на комисијата Благоја Станојоски. За извештајот немаше присутен претставник од општината. Дискусија немаше. За усвојување на Извештајот гласаа 10 „за“ 1 „воздржан“.

***ТОЧКА 14. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година објаснување имаше претставникот Јасмина Василеска Перчаковска. Советникот Мишко Поповски упати забелешка за рокот за доставување на планот. Претставникот Јасмина Василеска Перчаковска објасни бидејќи претпријатието е ново формирано немаа систематизација, требаше прво да ја донесат систематизацијата затоа сега се носи планот. Дискусија немаше. За донесување на Годишниот план за вработување гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ планот не беше донесен.

Бидејќи претставникот од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар се очекуваше да пристигни Претседателот на Советот Благоја Станојоски предложи во интерес на времето да се разгледа точката 23.

***ТОЧКА 23. Разгледување на барање за финансиски средства за печатење на монографија поднесено од проф.д-р Менде Солунчевски***

Во врска со барањето за финансиски средства за печатење на монографија поднесено од проф.д-р Менде Солунчевски Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни ова барање беше разгледувано и на предходната седница, предлогот останува исто 60.000 денари. Советникот Мишко Поповски констатира ако барателот ги добие средствата, а не ја испечати книгата џабе сме му ги дале средствата, ова важи за сите барања за кои сме одобриле средства. И за ваквите барања треба критериуми. Да имаме можност да ја видиме книгата, да достави фактура со дел ќе помогни општината, а не вака поднеси барање, ние ќе одобриме средства. Треба да дојдат со печатени примероци со фактура само така треба, а не вака се расфрламе со пари, до крајот на мандатот да ги средиме овие работи. Советникот Драге Пупунчевски предложи ако е во интерес на општината тогаш нека има конкурс нека се избери која е најдобра книга нека

се финансира,  а не вака напишиси книга дајте пари. Советникот Мишко Поповски се соглси со предлогот од советникот Пупунчевски на таков начин еден ќе земи пари во текот на годината, вака на 15 души му даваме средства. Советничката Весна Ориѓанска додаде ние имаме слух и сме за подршка на културата. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на одлука за одобрување на финансиски средства гласаа 9 „за“ 2 „воздржани“.

Поради обврски советничката Валентина Ѓорѓиовска ја напушти седницата.

***ТОЧКА 15. Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Сопотница***

За Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Сопотница објаснување имаше Директорот Ацко Трајковски. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 16. Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Бараково***

За Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Бараково објаснување имаше Директорот Ацко Трајковски. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 17. Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Единаковци***

За Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Единаковци објаснување имаше Директорот Ацко Трајковски. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 18. Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Стругово***

За Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Стругово објаснување имаше Директорот Ацко Трајковски. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 19. Одлука за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Вардино***

За Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен на смет за населено место Вардино објаснување имаше Директорот Ацко Трајковски. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 20. Одлука за утврдување на цена за комунална услуга подигање на смет за населено место Смилево***

За Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга подигање на смет за населено место Смилево објаснување имаше Директорот Ацко Трајковски. За Смилево се планира обврската за плаќање да биди на општината поради конфигурацијата на теренот. Таму неможи да се постават контењери низ селото. Контињери ќе се постават само на главниот пат и тоа се планирани со програмата 9. Советничката Христина Бојаџиева Андреска праша дали ќе се постават 9 контињери, а потоа дополни во Смилево има жители вакво барање имаше за Железнец, но таму нема жители. Советникот Мишко Поповски истакна се согласувам со дел за плаќање да учествува општината, но 60% можеби и повеќе да учествува и населението. Два контињети кои ќе се постават кај споменикот и кај музејот треба да ги плаќа општината, но за останатите треба да плаќа населението. Ќе има реакција од другите населени места ќе се создаде проблем. Зборуваме за развој на селски туризам, од тоа ќе има бенефит и селото. Треба да се размисли. Директорот Ацко Трајковски се согласи ќе се разгледа предлогот на советниците и на наредна седници ќе се излезе со предлог одлука. Советниците едногласно одлучија точката да се одложи.

***ТОЧКА 21. Одлука за утврдување на цена за комунална услуга подигање на смет за населено место Железнец***

За Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга подигање на смет за населено место Железнец објаснување имаше директорот Ацко Трајковски. Имаше барање од месната заедница

да се постави еден контињер кај изворот, обврската за покривање на трошоците ќе ја сноси општината. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 22. Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар не беше разгледуван на Комисијата за финансии и буџет, бидејќи немаше присутен претставник објасни Претседателот на комисијата Татјана Кочовска. За извештајот објаснување имаше Директорот Ацко Трајковски. Советникот Драге Пупунчевски побара објаснување зошто има зголемени трошоци за потрошени суровини и материјали. Директорот Ацко Трајковски објасни со поголем возен парк има и зголемени трошоци. Советникот Мишко Поповски забележа потрошени средства за суровини и материјали сигурно се од тековно работење, а потоа упати забелешка за ставка останати трошоци од работењето никако да се навикниме да ги дефинираме работите. Се работи за големи суми на пари да се направи објаснување не е добро да се прават работи без знаење на Советот. Има работи кои не поминале на Совет, а се исплатиле исто и општината и вие. За да се зголеми бодот треба Советот да дај согласност и за други работи. Ако советниците немаат целосна информација ќе гласаат погрешно. Директорот Ацко Трајковски објасни под останати трошоци се услуги кои ги вршат трети лица. За зголемување на платите Управниот одбор донесе одлука. Советничката Весна Ориѓанска праша за трошоци за помош по одлука на Управен одбор за што се однесува, а потоа додаде извештајот дали можи да биди поопширно објаснет. Директорот Трајковски објасни Управниот одбор донесол одлука за помош по барање на граѓани, одлуките кои ги носи Управниот одбор не се сите за на Совет. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 6 „за“ 4 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 24. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше предлози и прашања

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17-647/2**
**28.06 .2021 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Благоја Станојоски с.р.**